ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 29-161/11**

**Дата: 27.12.2012**

**ДО**
**ОПШТИНА КРАТОВО**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

### Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Кратово на сметката на приходи на буџет на дотации (930) за 2011 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кратово, за годините кои и претходат на годината предмет на ревизија.

Општина Кратово е влезена во втора фаза на фискална децентрализација.
На оваа сметка се евидентирани трансферите од централната власт по основ на наменски и блок дотации од областа на образованието, културата, детската заштита и за пожарникари. Во текот на 2011 година, Општина Кратово од Буџетот на Република Македонија во рамки на дотациите има добиено помалку средства по основ на наменски дотации, односно дотацијата за месец декември не е трансферирана, што не е во согласност со член 17 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.
Изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кратово за 2011 година.
На Нацрт извештајот не се доставени забелешки од страна на законскиот застапник на субјектот.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 7 и 8 заедно со ревизија на усогласеност на сметката за приходи на буџет на дотации (930) за 2011 година на Општина Кратово, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кратово за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Мите Андоновски, градоначалник во 2011 година на Општина Кратово.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на приходи на буџет на

дотации (930) на Општина Кратово се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

**1. Цели и делокруг на ревизијата**

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени

проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4 на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена на ден 04.10.2012 година кај Општина Кратово од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија, на 26.09.2012 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 29 -161/5 од 06.11.2012 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2011 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија не утврдија неправилности.

**4. Ревизорско мислење**

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кратово на ден 31 декември 2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики. Мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, по корисници, се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на финансиските извештаи на соодветниот корисник на наменски дотации.

## 5. Нагласувања на прашања за неизвесност или континуитет

Во текот на 2011 година, Општина Кратово од Буџетот на Република Македонија во рамки на блок дотациите има добиено помалку средства по основ на наменски дотации, односно дотацијата за месец декември не е трансферирана. Согласно член 17 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, дотациите од Буџетот на Република Македонија до буџетите на општините се трансферираат согласно со прописите за трезорско работење во најмалку 12 рати најдоцна до последниот работен ден во месецот за претходниот месец, освен последната рата, која се трансферира најдоцна до 15 декември во тековната буџетска година. Ненавремено трансферирање на средствата има за ефект ненавремено измирени обврски на општинските јавни установи.

Скопје, 21.12.2012 година

| Општина Кратово - Сметка на приходи на буџет на дотации (930) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 ГОДИНА | | | | | | |
| | | | | | | во 000 ден. |
| **Опис на позицијата** | | **Образложение** | | **2011** | | **2010** |
| **Приходи** | | | | | | |
| Трансфери и донации | | 3.1.1. | | 77.262 | | 79.066 |
| **Вкупно приходи** | | | | **77.262** | | **79.066** |
| **Расходи** | | | | | | |
| **Тековни расходи** | | | | | | |
| Плати, наемнини и надомести | | 3.2.1. | | 61.296 | | 61.649 |
| Стоки и услуги | | 3.2.2. | | 14.562 | | 16.223 |
| Субвенции и трансфери | | 3.2.3. | | 690 | | 160 |
| **Вкупно тековни расходи** | | | | **76.548** | | **78.032** |
| **Капитални расходи** | | 3.3. | | **32** | | **6** |
| **Вкупно расходи** | | | | **76.580** | | **78.038** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | | | **682** | | **1.028** |

**Општина Кратово - Сметка на приходи на буџет на дотации (930)**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2011 ГОДИНА

во 000 ден.

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2011** | **2010** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 682 | 1.028 |
| **Вкупно тековни средства** | | **682** | **1.028** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **682** | **1.028** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 682 | 1.028 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **682** | **1.028** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **682** | **1.028** |